ЗНМ поддржува СЈО да го преземе случајот со новинарот Божиновски

Од ЗНМ веруваат дека специјалното јавно обвинителство ќе води покредибилна и поефикасна постапка за случајот

Tweet

(Фото: Фејсбук/Zoran Burevesnik Bozinovski)

Здружението на новинарите на Македонија денеска ја поздрави одлуката на специјалното јавно обвинителство да побара од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција да го преземе предметот на новинарот Зоран Божиновски, кој од април е во притвор поради сомнение за извршени три кривични дела.

„Веруваме дека специјалното јавно обвинителство ќе води покредибилна и поефикасна постапка за случајот на новинарот Божиновски и ќе помогне вистината побрзо да излезе на виделина. Се надеваме дека СЈО по преземањето на предметот сериозно ќе ја разгледа можноста да побара укинување на мерката притвор за Божиновски“, се вели во соопштението на ЗНМ.

Од здружението истакнуваат дека Македонија како членка на Советот на Европа има обврска да ја примени Европската конвенција за човековите права и слободи.

„Сметаме дека македонските власти во случај на Божиновски не ги почитуваат одлуките на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, кој од земјите потписнички на Конвенцијата бара мерката притвор или затвор против новинар да ја применат само кога тие се обвинети за тероризам или говор на омраза. За сите други дела Европскиот суд смета дека затворањето на новинари е непропорционална мерка, со која може да се загрози слободата на говорот и слободата на медиумите“, стои во соопштението.

Од ЗНМ остануваат на ставот дека апсењето на Божиновски е политички мотивирано затоа што, според нив, власта ги злоупотребува законите и институциите за неосновано да ја ограничи слободата на медиумите.

Телеграф.мк